Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл. весник на РМ” број 51/05 и член 39 од Статутот на општина Струмица (“Сл. гласник на општина Струмица” број 5/06) – пречистен текст, Градоначалникот на општина Струмица, донесе

Р е ш е н и е
за организирање на јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за Блок 41 во град Струмица

1.Се организира јавна презентација по Нацрт – Деталниот урбанистички план за Блок 41 во град Струмица со граничен опфат помеѓу улиците „Цветан Димов“. „Ленинова“, „Климент Охридски“ и канал „ Св. Илијски порој “.

2.Решението за организирање јавната презентација ќе биде објавено на огласната табла на Општина Струмица, Секторот за уранизам и комунални работи , ВЕБ страницата на Општина Струмица, “Службен гласник на општина Струмица”и средствата за јавно информирање

3.Јавната презентација ќе се одржи на ден 16.09.2008 година во 11,оо часот во просториите на Дом на АРМ Струмица.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Сл. гласник на општина Струмица”.

Број.08-3911/3
04.09.2008 год.
С т р у м и ц а

Градоначалник
на општина Струмица
Зоран Заев